РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
"СОВЕТ НА ОПШТИНАТА"
Бр. 07-185/1
11.09.1998 год.
ДЕМИР КАПИЈА

Врз основа на член 11 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија, Комисијата за награди и признанија на седницата одржана на ден 11.09.1998 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## За начинот и постапката за доделување на општински награди и признанија

### Член 1

Со овој Правилник се определува начинот и постапката за доделување на општински награди и признанија.

### Член 2

Комисијата за награди и признанија Предлог-Одлуката за доделување на награди и признанија ја утврдува на седница со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

### Член 3

Поднесувањето на иницијативи за давање на предлози за доделување на награди и признанија се врши по издавање на соопштение до јавните гласила во општина Демир Капија во рок од 15 дена од денот на издавањето на соопштението.

Соопштението го издава Комисијата за награди и признанија.

### Член 4

Иницијативата содржи поширокo образложение за кандидатот кој се предлага за награда односно признание и неговите особено значајни остварувава односно посебниот придонес во развојот ,унапредувањето и афирмацијата на општина Демир Капија.

Подносителот на иницијативата во својот предлог задолжително мора да назначи дали кандидатот или кандидатите се предлагаат за наградата 7-ми Ноември" односно признание.

### Член 5

Комисијата за награди и признанија иницијативите за давање на предлози за доделување на награди и признанија ги разгледува во рок од 5 дена по истекот на рокот за поднесување на истите.

./.

Член 6

Наградата "7-ми Ноември" се предлага за особено значајни остварувања од интерес на општината во областа на стопанството,образованието,културата,физичката и техничката култура,здравството и социјалнохуманитарната дејност.

Член 7

Признание се доделува за посебен придонес во развојот,унапредувањето и афирмацијата на општина Демир Капија.

Член 8

Комисија за награди и признанија Предлог-Одлуката за доделување на наградата "7-ми Ноември" и признанија ја утврдува најмалку 15 дена пред општинскиот празник "7-ми" Ноември".

Член 9

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Комисија за награди и признанија
Претседател,
Трајче Димитриев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА